а) изразите "држава договорничка" и "друга држава договорничка" означуваат Македонија или Виетнам, зависно од смислата;

б) изразот "Виетнам" ја означува Социјалистичка Република Виетнам, а употребен во географска смисла, ја означува нејзината копнена територија, острови, внатрешни води, територијално море и воздушниот простор над нив, поморските области над територијалното море, вклучувајќи го морското дно и тло, над кои Социјалистичка Република Виетнам, во согласност со нејзиното законодавство и меѓународното право има суверенитет,суверени права и надлежност;

в) изразот "Македонија" ја означува Република Македонија, а употребен во географска смисла ја означува нејзината територијата над која има надлежност или има суверени права заради истражување, експлоатација, конзервирање и управување со природните богатства во согласност со нејзиното законодавство и меѓународното право;

г) изразот "државјанин" означува:

i) секое физичко лице кое поседува државјанство на државата договорничка;

ii) секое правно лице, партнерство или асоцијација кое таквиот свој статус го остварува според важечките закони на државата договорничка;

д) изразот "лице" означува секое физичко, друштво и било кое друштво на лица;

ѓ) изразот "друштво" означува секое правно лице или целина која се третира како правно лице за даночни цели;

е) изразот "претпријатие на државата договорничка" и "претпријатие на другата држава договорничка" означува претпријатие со кое управува резидент на државата договорничка и претпријатие со кое управува резидент од другата држава договорничка;

ж) изразот "меѓународен сообраќај" означува било кој превоз со брод или воздухоплов кој го врши претпријатие чие место на регистрација се наоѓа во државата договорничка, освен ако бродот или воздухопловот се користи исклучиво помеѓу места кои се наоѓаат во другата држава договорничка;

з) изразот "надлежен орган" означува:

i) во случајот на Виетнам, Министерот за финансии, односно негов овластен претставник.;

ii) во случајот на Македонија, Министерството за финансии, односно негов овластен претставник;

2. Кога државата договорничка го применува овој договор, во било кое време, секој израз кој што не е дефиниран со договорот ќе има значење, освен ако контекстот не бара поинаку, според законот на таа држава договорничка кој се однесува на даноците на кои овој договор се применува. Секое значење според даночните закони на таа држава договорничка кои се во сила, има предност во однос на значењето кое на тој израз му го даваат другите закони на таа држава договорничка.

Член 4

**РЕЗИДЕНТ**

1. Изразот "резидент на државата договорничка", за потребите на овој договор, означува било кое физичко лице кое, во согласност со законодавството на таа држава договорничка, подлежи на оданочување во таа држава по основ на живеалиште, престојувалиште, место на регистрација, седиште на управување или друг критериум од слична природа. Меѓутоа, изразот не вклучува било кое лице кое подлежи на данок во таа држава договорничка, само по однос на приходот кој го остварува од извори кои се наоѓаат во таа држава договорничка.

2. Кога во согласност со одредбите на став 1 на овој член, физичко лице е резидент на двете држави договорнички, неговиот статус се определува на следниот начин:

а) ќе се смета дека е резидент само на државата договорничка во

која има постојано место на живеење кое му е на располагање; ако има постојано место на живеење во двете држави договорнички, ќе се смета дека е резидент само на државата договорничка со која неговите лични и економски врски се потесни (средиште на животни интереси);

б) доколку не може да се определи државата договорничка во која има средиште на животни интереси, или ако ни во една држава договорничка нема постојано место на живеење, ќе се смета дека е резидент само на државата договорничка во која има вообичаено место на живеење;

в) ако има вообичаено место на живеење во двете држави договорнички или нема во ниту една од нив, ќе се смета дека е резидент само на државата чиј е државјанин;

г) ако е државјанин на двете држави или на ниедна од нив надлежните органи на државите договорнички ќе го решат прашањето по пат на заеднички договор.

3. Кога во согласност со одредбите на став 1 на овој член, лицето освен физичкото, е резидент на двете држави договорнички, тогаш ќе се смета дека е резидент само на државата договорничка во која истото е регистрирано.

Член 5

## ПОСТОЈАНА ДЕЛОВНА ЕДИНИЦА

1. Изразот "постојана деловна единица" за целите на овој договор, означува постојано место на активност преку кое претпријатието го врши потполно или делумно своето работење.

2. Изразот "постојана деловна единица"означува особено:

а) седиште на управата;

б) подружница;

в) деловница;

г) фабрика;

д) склад;

ѓ) работилница и

е) рудник, извор на нафта или гас, каменолом или било кое друго место за искористување на природните богатства.

3. Изразот "постојана деловна единица" исто така вклучува:

а) градежни локалитети, конструкција, монтажа, или инсталирање проекти или било која надзорна активност поврзана со таквиот локалитет,проект или активности кои траат подолго од шест месеци;

б) обезбедувањето услуги, вклучувајќи консултантски услуги, од страна на претпријатие на држава договорничка преку вработени или друг персонал ангажирани од страна на претпријатието за тие цели, само доколку активностите од таква природа во државата договорничка продолжат (за истиот или поврзан проект) за период или периоди вкупно повеќе од шест месеци во рамки на било кој дванаесет месечен период.

в) лице кое во државата договорничка извршува активности кои се поврзани со истражувањето и искористувањето на природни богатства кои се наоѓаат во другата држава договорничка, ќе се смета како извршување на деловни активности преку постојана деловна единица во држава договорничка.

4. По исклучок на претходните одредби на овој член, под изразот "постојана деловна единица" ќе се смета дека не се вклучува:

а) користењето на објектите исклучиво со цел за складирање или изложување на добра или стоки кои му припаѓаат на претпријатието;

б) одржување на залихи на добра или стоки кои му припаѓаат на претпријатието исклучиво со цел за складирање или изложување;

в) одржување на залихи на добра и стоки кои му припаѓаат на претпријатието исклучиво со цел да бидат преработени од друго претпријатие;

г) одржување на утврденото деловно место на работење исклучиво со цел за прибирање на информации за претпријатието;

д) одржување на утврденото деловно место исклучиво со цел вршење за претпријатието, било која друга активност која е од подготвителен или помошен карактер;

ѓ) одржување на утврденото деловно место исклучиво со цел комбинирано вршење на активностите наведени во точките од а) до д), доколку целокупната активност на утврденото деловно место што ќе настане од оваа комбинација е од подготвителен или помошен карактер.

5. По исклучок на одредбите од ставовите 1 и 2 на овој член, кога лице - освен застапник со независен статус на кого се применува ставот 6 на овој член - делува во име на претрпијатие во другата држава договорничка, тоа претпријатие ќе се смета дека има постојана деловна единица во

првоспоменатата држава договорничка во однос на било кои активности кои тоа лице ги презема за претпријатието, доколку таквото лице:

а) има и вообичаено ја остварува надлежноста да во таа држава договорничка склучува договори во име на претпријатието, освен ако активностите на тоа лице се ограничени на оние кои се споменати во ставот 4 на овој член кои, ако се вршат преку постојано место на делување, не би го направиле ова постојано место на делување постојана деловна единица согласно одредбите на тој став или

б) нема таква надлежност, но вообичаено одржува во првоспоменатата држава договорничка залихи на добра и услуги од кои редовно испорачува добра или стоки во име на претпријатието.

6. Нема да се смета дека претпријатието на државата договорничка има постојана деловна единица во другата држава договорничка само поради тоа што во таа друга држава врши дејност преку посредник, генерален комисионен застапник или друг застапник со независен статус, доколку овие лица делуваат во рамките на своите редовни деловни активности. Меѓутоа, кога активностите на таквиот застапник се посветени во целост или делумно во име на таквото претпријатие, а условите кои се утврдени или воведени помеѓу таквото претпријатие и застапникот во нивните комерцијални и финансиски односи, се разликуваат од оние кои би постоеле помеѓу независни претпријатија, тоа лице нема да се смета како застапник со независен статус во смисла на овој став.

7. Фактот што едно друштво кое е резидент на државата договорничка контролира или е под контрола на друштво кое е резидент на другата држава договорничка, или кое го врши работењето во таа друга држава договорничка (било преку постојана деловна единица или на друг начин), само по себе не значи дека едно друштво може да стане постојана деловна единица на другото друштво.

## Член 6
## ДОХОД ОД НЕДВИЖЕН ИМОТ

1. Доходот кој резидент на државата договорничка го остварува од недвижен имот (вклучувајќи го и доходот од земјоделство и шумарство) кој се наоѓа во другата држава договорничка може да се оданочи во таа друга држава.

2. Изразот "недвижен имот" го има значењето како во законите на државата договорничка во која се наоѓа предметниот имот. Овој израз во секој случај го опфаќа и придружниот имот кој му припаѓа на недвижниот имот, сточниот фонд и опремата која се користи во земјоделството и

шумарството, правата на кои се применуваат општите одредби за сопственоста на земјиштето, плодоуживање на недвижностите и правата на променливите или постојаните плаќања како надоместок за работата, или за правото да се извршува работата, на минералните наоѓалишта, изворите и другите природни богатства. Бродовите и воздухопловите нема да се сметаат за недвижен имот.

3. Одредбите од ставот 1 на овој член, ќе се применуваат на доходот кој ќе се оствари од непосредно користење, изнајмување или друг начин на користење на недвижниот имот.

4. Одредбите од ставовите 1 и 3 на овој член, ќе се применуваат и на доходот од недвижен имот на претпријатието и на доходот од недвижен имот кој се користи за вршење на самостојни лични услуги.

Член 7

## ДОБИВКА ОД ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ

1. Добивката на претпријатието на државата договорничка ќе се оданочува само во таа држава договорничка, освен доколку претпријатието врши дејност во другата држава договорничка преку постојана деловна единица која се наоѓа во другата држава договорничка. Ако претпријатието врши дејност на тој начин, добивките на претпријатието можат да се оданочуваат во другата држава договорничка, но само за оној износ кој се припишува на а) таа постојана деловна единица; б) продажбата во таа друга држава договорничка на добра или стоки од ист или сличен карактер како што се оние кое се продаваат преку таа постојана деловна едница; или в) други деловни активности кои се извршуваат во таа друга држава договорничка од ист или сличен карактер како оние кои се резултат на таа постојана деловна единица.

2. Во зависност од одредбите од ставот 3 на овој член, кога претпријатието на државата договорничка врши дејност во другата држава договорничка преку постојана деловна единица која таму се наоѓа, во секоја држава договорничка на таа постојана деловна единица и се припишува добивката која би можела да се оствари доколку би била одвоено и посебно претпријатие кое врши иста или слична дејност под исти или слични услови и како да делувала потполно независно од претпријатието чија е постојана деловна единица.

3. При утврдување на добивката на постојаната деловна единица, како одбитоци се признаваат трошоците кои се извршени за потребите на постојаната деловна единица, вклучувајќи ги и трошоците на управување и општите административни трошоци, било во државата во која се наоѓа постојаната деловна единица или на друго место. Меѓутоа, како одбитоци, нема да се признаваат износите, доколку ги има, платени (освен оние за надоместување на вистинските трошоци) од страна на постојаната деловна единица на главното седиште на претпријатието или на другите негови деловници, во вид на авторски хонорари, такси или други слични плаќања за возврат на користењето на патенти или други права, или во вид на провизија, за извршените посебни услуги или за управување, или освен во случај на банкарско претпријатие, во вид на камата за позајмените пари на постојаната деловна единица. На ист начин, при утврдувањето на добивките на постојаната деловна единица нема да бидат земени во предвид, износите кои постојаната деловна единица ги наплатила (на поинаков начин од надоместувањето на вистинските трошоци) на главното седиште на претпријатието или на другите негови деловници, во вид на авторски права, такси или други слични плаќања за возврат на користењето на патенти или други права, или во вид на провизија, за извршените посебни услуги или за управување, или освен во случај на банкарско претпријатие, во вид на камата за позајмените пари на главното седиште претпријатието или на другите негови деловници.

4. Доколку е вообичаено во државата договорничка добивките кои се припишуваат на постојаната деловна единица да се одредуваат врз основа на распределбата на вкупната добивка на претпријатието на неговите посебни делови, одредбата од став 2 на овој член, не ја спречува таа држава договорничка со таквата вообичаена распределба да ја одреди добивката која се оданочува; усвоениот метод на распределба треба да биде таков што резултатот ќе биде во согласност со начелата кои се содржани во овој член.

5. За потребите на претходните ставови, добивката која се припишува на постојаната деловна единица се определува со ист метод од година во година, освен ако постои оправдана и доволна причина да се постапи поинаку.

6. Кога добивките опфаќаат делови од приход кои се регулирани со посебни членови од овој договор, одредбите од овој член не влијаат на одредбите на тие членови.

Член 8

## БРОДСКИ И ВОЗДУШЕН ТРАНСПОРТ

1. Добивките остварени од работење во меѓународен сообраќај со бродови или воздухоплови, ќе се оданочуваат само во државата договорничка во која претпријатието е регистрирано.

2. Одредбите од ставот 1 на овој член, се применуваат и на добивките остварени од учество во пул, заедничко вложување или меѓународна деловна единица.

Член 9

**ПОВРЗАНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

1. Кога

а) претпријатие на државата договорничка учествува непосредно или посредно во управувањето, контролата или капиталот на претпријатието на другата држава договорничка, или

б) исти лица учествуваат непосредно или посредно во управувањето, контролата или капиталот на претпријатието на државата договорничка и на претпријатието на другата држава договорничка,

и ако и во двата случаи, помеѓу тие две претпријатија во нивните трговски или финансиски односи се создадени или наметнати услови различни од условите кои би биле создадени помеѓу независни претпријатија, тогаш секоја добивка која под тие услови е припишана на едно од претпријатијата, или поради тие услови не е припишана, може да биде вклучена во добивката на тоа претпријатие и соодветно оданочена.

2. Кога државата договорничка ја вклучува во добивката на претпријатието од таа држава - и ја оданочува соодветно - добивката за која претпријатието од другата држава договорничка било оданочено во таа друга држава, а вклучената добивка е добивка што би настанала од претпријатието од првоспоменатата држава ако условите создадени помеѓу двете претпријатија се како помеѓу независни претпријатија, тогаш таа друга држава ќе направи соодветно прилагодување на износот на данокот утврден на таа добивка. При одредувањето на ваквото прилагодување, ќе се води сметка и за другите одредби од овој договор и доколку е потребно надлежните органи на државите договорнички ќе се консултираат една со друга.

Член 10

**ДИВИДЕНДИ**

1. Дивидендите исплатени од друштво кое е резидент на државата договорничка на резидент на другата држава договорничка, можат да се оданочуваат во таа друга држава договорничка.

2. Меѓутоа, таквите дивиденди можат да се оданочат и во државата договорничка чиј резидент е друштвото кое ги исплатува дивидендите во

согласност со законите на таа држава договорничка, но ако стварниот корисник на тие дивиденди е резидент на другата држава договорничка, така обложениот данок не може да надмине повеќе од:

а) 5 проценти од бруто износот на дивидендите ако стварниот корисник е друштво кое поседува непосредно најмалку 70 проценти од капиталот на друштвото кое ги исплатува дивидендите;

б) 10 проценти од бруто износот на дивидендите ако стварниот корисник е друштво кое поседува непосредно најмалку 25 проценти но помалку од 70 проценти од капиталот на друштвото кое ги исплатува дивидендите;

в) 15 проценти од бруто износот од дивидендите во сите други случаи.

Овој став не влијае на оданочувањето на добивката на друштвото од која дивидендите се исплатуваат.

3. Изразот "дивиденди", употребен во овој член го означува доходот од акции, "jouissance" акции или "jouissance" права, рударски акции, основачки акции или други права на учество во добивката кои не се побарувања на долгови, како и доходот од други корпоративни права кој по однос на оданочувањето има ист третман како и доходот од акциите според законите на државата чиј резидент е друштвото кое врши распределба.

4. Одредбите од ставовите 1 и 2 на овој член, нема да се применуваат ако стварниот корисник на дивидендите, резидент на државата договорничка, врши дејност во другата држава договорничка чиј резидент е друштвото кое ги исплатува дивидендите преку постојана деловна единица која се наоѓа во таа друга држава или врши самостојни лични услуги од постојано место кое се наоѓа во таа друга држава, а правото по однос на кое дивидендите се платени е стварно поврзано со таквата постојана деловна единица или постојано место. Во тој случај ќе се применуваат одредбите на член 7 или член 14 од овој договор.

5. Кога друштвото кое е резидент на државата договорничка остварува добивка или доход од другата држава договорничка, таа друга држава договорничка не може да воведе данок на дивидендите кои ги исплатува друштвото, освен ако тие дивиденди се исплатени на резидентот на другата држава договорничка или ако правото врз основа на кое се исплаќаат дивидендите е стварно поврзано со постојаната деловна единица или постојаното место кое се наоѓа во таа друга држава договорничка, ниту нераспределената добивка на друштвото да ја оданочува со данок на нераспределените добивки на друштвото, дури и ако исплатените дивидендите или нераспределената добивка потполно или делумно се

состои од добивката или доходот кои настанале во таа друга држава договорничка.

Член 11
**КАМАТА**

1. Каматата која настанува во државата договорничка и се исплатува на резидент на другата држава договорничка може да се оданочи во таа друга држава договорничка.

2. Меѓутоа, оваа камата може исто така да биде оданочена и во државата договорничка во која настанува, во согласност со законите на таа држава договорничка, но ако стварниот корисник на каматата е резидент на другата држава договорничка, така обложениот данок не може да надмине 10 проценти од вкупниот износ на каматата.

3. Изразот "камата" употребен во овој член означува доход од побарувања од секаков вид долг, независно од тоа дали се обезбедени со хипотека и дали по основ на нив се стекнува право на учество во добивката на должникот, и особено доход од хартии од вредност на владата и доход од обврзници, вклучувајќи ги и премиите и наградите во врска со тие хартии од вредност или обврзници. Казнените камати платени за задоцнети плаќања не се сметаат за камати за потребите на овој член.

4. Одредбите од ставовите 1 и 2 на овој член, нема да се применуваат ако стварниот корисник на каматата, резидент на државата договорничка, врши дејност во другата држава договорничка во која настанала каматата, преку постојана деловна единица која се наоѓа во таа друга држава договорничка, или врши самостојни лични услуги од постојано место кое се наоѓа во таа друга држава, а побарувањето на долгот по однос на кое се плаќа камата е стварно поврзано со а) таа постојана деловна единица или постојано место, или б) со деловните активности од точката в) став 1 од членот 7 од овој договор. Во тој случај соодветно се применуваат одредбите на член 7 или член 14 од овој договор.

5. Ќе се смета дека каматата настанала во државата договорничка кога исплатувачот е самата таа држава договорничка, нејзините локални власти или резидент на таа држава договорничка. Меѓутоа, кога лицето кое плаќа камата, без оглед на тоа дали е резидент на државата договорничка или не, има во таа држава договорничка постојана деловна единица или постојано место во врска со која се јавува побарувањето на кое се плаќа камата, а таквата камата се исплаќа на товар на постојаната деловна единица или постојано место, ќе се смета дека таквата камата настанува во државата договорничка во која постојаната деловна единица или постојаното место се наоѓа.

6. Кога износот на каматата поради посебните односи помеѓу исплатувачот на каматата и стварниот корисник или помеѓу нив и трето лице, имајќи го во предвид побарувањето на долгот за кој таа се плаќа, го надминува износот кој би бил договорен помеѓу исплатувачот и стварниот корисник, при непостоење на такви односи, одредбите од овој член ќе се применуваат само на последно споменатиот износ. Во тој случај, вишокот на платениот износ ќе се оданочи согласно со законите на секоја држава договорничка, при што ќе се земат во предвид и другите одредби од овој договор.

Член 12

## ПРИХОДИ ОД АВТОРСКИ ПРАВА

1. Приходите од авторски права кои настануваат во државата договорничка, а се исплатуваат на резидент на другата држава договорничка, може да се оданочуваат во таа друга држава договорничка.

2. Меѓутоа, овие приходи од авторски права можат да се оданочат и во државата договорничка во која настанале, а во согласност со законите на таа држава договорничка, но ако стварен корисник на приходите од авторски права е резидент на другата држава договорничка така обложениот данок не го надминува износот од 10 проценти од бруто износот на приходите од авторски права.

3. Изразот "приходи од авторски права" употребен во овој член, означува плаќање на било кој вид примање по основ на користење, или право на користење, на било кое авторско право за книжевно, уметничко или научно дело, вклучувајќи ги кинематографските филмови или филмови или ленти кои се користат за телевизиски или радио пренос, сите патенти, заштитни знаци, дизајни или модели, планови, тајни формули или постапка, или за користење, или право на користење на индустриска, комерцијална или научна опрема, или за информации во врска со индустриски, комерцијални или научни искуства.

4. Одредбите од ставовите 1 и 2 на овој член, нема да се применуваат ако стварниот корисник на приходите од авторски права, резидент на државата договорничка, врши дејност во другата држава договорничка во која приходите од авторски права се остварени, преку постојана деловна единица која се наоѓа во таа држава договорничка, или врши самостојни лични услуги од постојано место кое се наоѓа во таа друга држава, а правото или имотот врз основа на кои се плаќаат приходите од авторски права се стварно поврзани со а) таа постојана деловна единица или постојано место, или б) со деловните активности од точката в) став 1 од

членот 7 од овој договор . Во тој случај соодветно ќе се применуваат одредбите на член 7 или член 14 на овој договор.

5. Се смета дека приходите од авторски права се остварени во државата договорничка кога исплатувачот е самата таа држава договорничка, нејзините локални власти или резидент на таа држава договорничка. Меѓутоа, кога лицето кое ги плаќа приходите од авторски права, без оглед дали е резидент на државата договорничка или не, има во државата договорничка постојана деловна единица или постојано место во врска со која се појавува обврска за плаќање на приходи од авторски права, а тие приходи од авторски права паѓаат на товар на таа постојана деловна единица или постојано место, се смета дека тие приходи од авторски права се создадени во државата договорничка во која постојаната деловна единица или постојаното местосе наоѓа.

6. Кога, поради посебниот однос помеѓу исплатувачот и стварниот корисник, или помеѓу нив двајца и трето лице, платениот износ по основ на приходи од авторски права, земајќи го предвид користењето, правото или информацијата за кои се плаќа, го надминува износот кој би бил договорен помеѓу исплатувачот и стварниот корисник доколку таков однос не би постоел, одредбите од овој член ќе се применуваат само на последно споменатиот износ. Во тој случај вишокот на платениот износ ќе се оданочува согласно законите на секоја држава договорничка, земајќи ги предвид и другите одредби од овој договор.

## Член 13
## ДОБИВКИ ОД ОТУЃУВАЊЕ НА ИМОТ

1. Добивките остварени од резидент на државата договорничка од отуѓување на недвижен имот наведен во членот 6 од овој договор, а кој се наоѓа во другата држава договорничка, можат да се оданочат во таа друга држава договорничка.

2. Добивките од отуѓување на подвижен имот кои сочинуваат дел од имотот за работење на постојаната деловна единица која претпријатието од државата договорничка ја има во другата држава договорничка, или од подвижен имот кој му припаѓа на постојаното место кое резидентот на државата договорничка го има во другата држава договорничка заради вршење на самостојни лични услуги во таа друга држава, вклучувајќи ги и добивките од отуѓување на таа постојана деловна единица (сама или заедно со целото претпријатие), или тоа постојано место може да се оданочуваат во таа друга држава договорничка .

3. Добивките остварени од отуѓување на бродови или воздухоплови кои се користат во меѓународниот сообраќај, или од подвижен имот кој е во врска со работењето на тие бродови или воздухоплови, се оданочуваат само во државата договорничка во која претпријатието е регистрирано.

4. Добивките остварени од страна на резидент на државата договорничка од отуѓување на акции во капиталот на друштвото или учество во партнерство или труст, чиј имот во главно директно или индиректно произлегува од недвижен имот кој се наоѓа во другата држава договорничка, може да се оданочат во таа друга држава. Во врска со сопственоста на недвижен имот, за целите на овој став изразот "воглавно" означува дека вредноста на таквиот недвижен имот надминува повеќе од 50 проценти од вкупната вредност на сите средства кои ги поседува друштвото, партнерството или трустот.

5. Добивката од отуѓување на акции, освен оние наведени во ставот 4 на овој член, во друштво кое е резидент на државата договорничка може да се оданочуваат во таа држава.

6. Добивката од отуѓување на секаков имот, освен наведениот во ставовите од 1, 2, 3 и 4 на овој член, се оданочува само во државата договорничка во која лицето кое го отуѓува е резидент.

## Член 14
## САМОСТОЈНИ ЛИЧНИ УСЛУГИ

1. Доходот остварен од резидент на државата договорничка по основ на професионални услуги или други активности од независен карактер се оданочуваат само во таа држава, освен во следните случаи кога таквиот доход може исто така да се оданочи во другата држава договорничка:

а) доколку има постојано место кое му стои на располагање во другата држава договорничка за целите на вршење на неговите активности; во тој случај, само оној дел од доходот кој се припишува на тоа постојано место може да се оданочи во таа другата држава договорничка; или

б) доколку престојува во другата држава договорничка за период или периоди кои изнесуваат или вкупно надминуваат 183 дена во соодветната календарска година; во тој случај, само оној дел од доходот остварен од активностите вршени во таа друга држава може да се оданочат во таа друга држава.

2. Изразот "професионални услуги" вклучува особено самостојни научни, книжевни, уметнички, образовни или наставни активности како и

самостојни активности на доктори, адвокати, инженери, архитекти, стоматолози и сметководители.

Член 15

## ЛИЧНИ ПРИМАЊА ОД РАБОТЕН ОДНОС

1. Во зависност од одредбите на членовите 16, 18, и 19 на овој договор, платите, надоместоците и другите слични примања остварени од резидент на државата договорничка кои произлегуваат од работен однос, се оданочуваат само во таа држава, освен во случаи кога вработувањето се извршува во другата држава договорничка. Ако вработувањето е извршено во другата држава договорничка, таквите примања кои се остваруваат таму, може да се оданочуваат во таа друга држава.

2. По исклучок од одредбите на став 1 на овој член, примањата кои резидентот на едната држава договорничка ги остварува по основ на работен однос кој се врши во другата држава договорничка, се оданочуваат само во провоспоменатата држава доколку:

а) примателот престојува во другата држава во период или периоди кои вкупно не надминуваат 183 дена во било кој дванаесет месечен период кој започнува и завршува во односната календарска година, и

б) примањето е платено од страна, или во име на работодавачот кој не е резидент на другата држава, и

в) примањата не се на товар на постојаната деловна единица или постојаното место кои работодавачот го има во другата држава.

3. По исклучок на претходните одредби од овој член, примањата остварени по основ на работен однос во претпријатие на државата договорничка кое работи во меѓународен сообраќај со бродови или воздухоплови, можат да се оданочат во таа држава.

Член 16

## НАДОМЕСТОЦИ НА ДИРЕКТОРИ

Надоместоците на директори и другите слични примања кои ги остварува резидент на државата договорничка во својство на член на одбор на директори или како претставник на висока управувачка позиција во друштвото кое е резидент на другата држава договорничка, може да се оданочуваат во таа друга држава договорничка.

Член 17

## УМЕТНИЦИ И СПОРТИСТИ

1. По исклучок на одредбите од членовите 14 и 15 на овој договор, доходот остварен од резидент на државата договорничка преку лично вршење на активности како изведувач како што е театарски, филмски, радио или телевизиски уметник, или музичар, или спортист во другата држава договорничка, може да се оданочува во таа друга држава договорничка.

2. Кога доходот од лично извршени активности на изведувачот или спортистот не му припаѓа лично на изведувачот или спортистот туку на друго лице, тој доход, по исклучок на одредбите од членовите 7, 14 и 15 на овој договор, може да се оданочува во државата договорничка во која активностите на изведувачот или спортистот се извршени.

3. По исклучок на одредбите од ставовите 1 и 2 од овој член, доходот остварен од страна на резидент на државата договорничка преку лично вршење на активности како изведувач или спортист, се оданочува само во таа држава договорничка ако активностите се извршуваат во другата држава договорничка во рамките на програмите за културна или спортска размена на владите од двете држави договорнички.

Член 18

## ПЕНЗИИ

Согласно со член 19, став 2 од овој договор, пензиите и другите слични примања платени на лице кое е резидент на државата договорничка, по основ на минат работен однос, се оданочуваат само во таа држава договорничка.

Член 19

## ДРЖАВНА СЛУЖБА

1.а) Платите, надоместоците и другите слични примања кои ги исплаќа државата договорничка или локална власт на физичко лице по основ на услуги направени на таа држава договорничка или локална власт, се оданочуваат само во таа држава договорничка.

б) Меѓутоа, таквите плати, надоместоци и другите слични примања ќе се оданочуваат само во другата држава договорничка доколку услугите

се извршени во таа друга држава договорничка, а лицето е резидент на таа друга држава договорничка кое:

(1) е државјанин на таа друга држава договорничка, или

(2) не станал резидент на таа друга држава договорничка само поради вршење на услугите.

2. а) По исклучок на одредбите од ставот 1 на овој член, пензиите и други слични примања кои што ги исплаќа или се исплаќаат од страна на фондовите создадени од државата договорничка или локална власт, на физичко лице за услугите направени на таа државата договорничка или локална власт, се оданочуваат само во таа држава договорничка.

б) Меѓутоа, таквите пензии и други слични примања се оданочуваат само во другата држава договорничка ако физичкото лице е резидент или државјанин на таа друга држава договорничка.

3. Одредбите на членовите 15, 16, 17 и 18 од овој договор, исто така се применуваат на платите, надоместоците, пензиите и другите слични примања по основ на вршење услуги во врска со вршење на дејност од страна на државата договорничка или локална власт.

Член 20

**СТУДЕНТИ И ПРАКТИКАНТИ**

Плаќањата кои студент или лице на стручна обука, кој непосредно пред посетата на државата договорничка е резидент или бил резидент на другата држава договорничка и кој е присутен во првоспоменатата држава само за целите на негово образование и обука и ги прима заради неговото издржување, образование или обука нема да се оданочуваат во таа држава договорничка, под услов таквите плаќања да се од извори надвор од таа држава.

Член 21

**ДРУГИ ПРИХОДИ**

1. Деловите од доходот на резидент на државата договорничка, без оглед каде се остварени, кои не се опфатени со претходните членови од овој договор се оданочуваат само во таа држава договорничка.

2. Одредбите од ставот 1 на овој член, не се применуваат на доходот, освен на доходот од недвижен имот дефиниран во ставот 2 од членот 6 на овој договор, ако примателот на тој доход - резидент на државата договорничка врши дејност во другата држава договорничка преку постојана деловна единица или врши самостојни лични услуги од постојано место која се наоѓа во таа држава договорничка, а правото или имотот врз основа на кои се исплаќа доходот се стварно поврзани со таа постојана деловна единица или постојано место. Во тој случај, соодветно се применуваат одредбите на член 7 или 14 на овој договор.

3. По исклучок на одредбите од став 1 и 2 на овој член, деловите од доход на резидент на државата договорничка кои не се опфатени со претходните членови на овој договор и настануваат во другата држава договорничка може да се оданочат во таа друга држава договорничка.

Член 22

## МЕТОДИ ЗА ОДБЕГНУВАЊЕ НА ДВОЈНОТО ОДАНОЧУВАЊЕ

1. Кога резидент на држава договорничка остварува доход кој во согласност со одредбите од овој договор, може да се оданочи во другата држава договорничка, првоспоменатата држава ќе одобри како одбиток на данокот на доход на тој резидент, износ еднаков на данокот на доход платен во таа друга држава на тој доход.

Меѓутоа, тој одбиток во секој случај, нема да го надмине делот на данокот на доходот кој е пресметан пред да се изврши одбитокот кој се однесува на доходот кој може да се оданочи во таа друга држава договорничка, зависно од случајот.

2. Кога во согласност со било која одредба од договорот, доходот кој е остварен од страна на резидентот на државата договорничка е ослободен од оданочување во таа држава, таа држава и покрај тоа може, во пресметувањето на износот на данокот на преостанатиот доход на тој резидент, да го земе во предвид изземениот доход.

3. За целите на одобрување како кредит во државата договорничка данокот платен во другата држава договорничка ќе се смета дека го вклучува данокот кој требало да се плати во другата држава договорничка но бил намален врз основа на законски одредби и даночни поттикнувања.

Член 23

**ЕДНАКОВ ТРЕТМАН**

1. Лицата кои поседуваат државјанство на државата договорничка не подлежат на оданочување или друга обврска во врска со оданочувањето во другата држава договорничка кое е поинакво или потешко од оданочувањето и обврските во врска со оданочувањето на кое државјаните на таа друга држава под исти услови, особено по однос на резидентство, подлежат или може да подлежат.

2. Оданочувањето на постојаната деловна единица која претпријатието на државата договорничка ја има во другата држава договорничка не може да биде понеповолно во таа друга држава договорничка од оданочувањето на претпријатието на таа друга држава кое врши иста дејност. Оваа одредба не може да се толкува како задолжителна за државата договорничка за да им одобри на резидентите од другата држава договорничка било какви лични олеснувања, ослободувања или намалувања за даночни цели по основ на граѓански статус или семејни обврски кои таа ги одобрува на своите резиденти.

3. Каматата, приходите од авторски права и другите исплати платени од претпријатието на државата договорничка на резидентот на другата држава договорничка, заради одредување на оданочивата добивка на тоа претпријатие, се одбиваат под истите услови како да се исплатени на резидент на првоспоменатата држава, освен во случаите наведени во член 9, став 1, член 11, став 6 или член 12 став 6 на овој договор.

4. Претпријатието на државата договорничка, чиј капитал потполно или делумно е поседуван или контролиран, директно или индиректно, од страна на еден или повеќе резиденти на другата држава договорничка, нема да подлежи на оданочување или да подлежи на друга обврска во врска со данок во првоспоменатата држава кое е поинакво или потешко од оданочувањето и обврските во врска со оданочувањето на кое други слични претпријатија на првоспоменатата држава, подлежат или може да бидат подложени.

5. Одредбите од овој член се применуваат на даноците кои се опфатени со овој договор.

Член 24

**ПОСТАПКА ЗА ВЗАЕМНО ДОГОВАРАЊЕ**

1. Кога едно лице смета дека активностите на едната или двете држави договорнички доведуваат или ќе доведат до тоа тој да не биде оданочен согласно одредбите на овој договор, тој може, без оглед на

правните лекови предвидени со внатрешното законодавство на тие држави договорнички, да го изложи својот случај пред надлежниот орган на државата договорничка чиј резидент е, или доколку неговиот случај потпаѓа под член 23 став 1 од овој договор, на онаа држава договорничка на која тој е државјанин. Случајот мора да биде изложен во рок од три години од денот на првото известување за активноста која доведува до одаочување кое не е во согласност со одредбите на овој договор.

2. Надлежниот орган на државата договорничка, ќе настојува доколку смета дека жалбата е оправдана и ако не е во можност сам да дојде до задоволително решение, да го реши случајот со заедничко договарање со надлежниот орган на другата држава договорничка, заради одбегнување на одаочувањето кое не е во согласност со овој договор. Секој договор што ќе се постигне ќе се спроведува без оглед на временските ограничувања во внатрешните закони на државите договорнички.

3. Надлежните органи од државите договорнички ќе настојуваат да ги решат по пат на заеднички договор сите потешкотии или нејаснотии кои произлегуваат во однос на толкувањето или примената на овој договор. Исто така, може да се консултираат за одбегнување на двојното одаочување кај случаите кои не се предвидени со овој договор.

4. Надлежните органи на државите договорнички можат непосредно да комуницираат заради постигнување на договор во смисла на претходните ставови на овој член.

Член 25

**РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ**

1. Надлежните органи на државите договорнички ќе разменуваат информации кои се очигледно релевантни за спроведување на одредбите од овој договор или за администрирање или за спроведување на домашните закони кои се однесуваат на даноците од секаков вид и опис кои се воведени од државите договорнички, доколку одаочувањето предвидено со тие закони не е во спротивност со договорот. Размената на информации не е ограничена со член 1 од овој договор.

2. Секоја информација добиена од државата договорничка согласно став 1 на овој член, ќе се смета како тајна на ист начин како и информацијата добиена според внатрешните закони на таа држава, и може да биде откриена само на лица или органи (вклучувајќи ги судовите и органите на управата), кои се надлежни за утврдување и наплата на даноците, присилната наплата или за прогон, во врска со решавање по жалба по однос на даноците опафатени во став 1 на овој член, или имаат

увид во горенаведените постапки. Овие лица или органи ќе ги користат таквите информации само за тие цели. Тие можат да ги откријат информациите во јавна судска постапка или во судски одлуки.

3. Одредбите од ставот 1 и ставот 2 на овој член не можат во никој случај да се толкуваат како воспоставување на обврска на државата договорничка:

а) да спроведува административни мерки кои што се различни од законите и административната практика на таа или на другата држава договорничка,

б) да обезбедува информации кои не можат да се добијат согласно со законите или од редовното работење на администарцијата на таа или на другата држава договорничка,

в) да обезбедува информации кои би откриле некоја трговска, деловна, индустриска, комерцијална или професионална тајна, или трговска постапка, или информација чие откривање би било во спротивност со јавната политика (јавниот поредок).

4. Доколку се бара информација од државата договорничка во согласност со овој член, другата држава договорничка ќе презема мерки за добивање на таа информација со цел истата да ја обезбеди, дури и доколку таа друга држава нема потреба од таквата информација за нејзините сопствени даночни цели. Обврската содржана во претходната реченица е предмет на ограничувањата од ставот 3 на овој член, но во никој случај таквите ограничувања нема да се толкуваат како одобрение за државата договорничка да одбие да ја обезбеди информацијата исклучиво поради тоа што нема домашен интерес за таквата информација.

5. Во никој случај одредбите од став 3 на овој член нема да се толкуваат да овозможат државата договорничка да го одбие обезбедувањето на информацијата само затоа што истата е поседувана од страна на банка, друга финансиска институција, фондација, кандидат или лице што дејствува во некоја агенција или со фидуцијарно својство или бидејќи се однесува на сопственички интереси во лице.

Член 26

## ЧЛЕНОВИ НА ДИПЛОМАТСКИТЕ МИСИИ И КОНЗУЛАРНИ ПРЕТСТАВНИШТВА

Одредбите од овој договор нема да влијаат на фискалните привилегии на членовите на дипломатските мисии и конзуларните претставништва

предвидени со општите правила на меѓународното право или со одредбите од посебните договори.

Член 27

**ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА**

1. Државите договорнички ќе се известат на писмено, по дипломатски пат, за завршувањето на внатрешната постапка која е потребна за влегување во сила на овој договор. Овој договор ќе влезе во сила на датумот на приемот на последното писмено известување.

2. Овој договор ќе се применува:

а) во Македонија:

1) по однос на даноците што се задржуваат на изворот, во врска со износите кои се оданочуваат кои се остварени на или после првиот ден на јануари од календарската година што следи по годината во која договорот влегува во сила и последователните календарски години; и

2) по однос на другите даноци во Македонија, во врска со доход, профит или добивка кои настануваат на или после првиот ден од јануари во календарската година што следи по годината во која договорот влегува во сила и последователните календарски години; и

б) во Виетнам:

1) по однос на даноците што се задржуваат на изворот, во врска со износите кои се оданочуваат остварени на или после првиот ден на јануари од календарската година што следи по годината во која договорот влегува во сила и последователните календарски години; и

2) по однос на другите даноци во Виетнам, во врска со доход, профит или добивка кои настануваат на или после првиот ден од јануари во календарската година што следи по годината во која договорот влегува во сила и последователните календарски години.

Член 28

**ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ**

Овој договор останува во сила се додека не се откаже неговата важност од страна на една од државите договорнички. Секоја од државите договорнички може да ја откаже примената на овој договор преку

дипломатски пат, со доставување на писмено известување за престанокот на важењето најмалку шест месеци пред крајот на било која календарска година што следи по истекот на периодот од пет години од датумот на кој договорот влегува во сила.

2. Договорот ќе престане да важи:

а) во Македонија:

1) по однос на даноците што се задржуваат на изворот, во врска со износите кои се оданочуваат и кои се остварени на или после првиот ден на јануари од календарската година што следи по годината во која известувањето за престанок е примено и последователните календарски години; и

2) по однос на другите даноци во Македонија, во врска со доход, профит или добивка кои настануваат на или после првиот ден од јануари во календарската година што следи по годината во која известувањето за престанок е дадено; и

б) во Виетнам:

1) по однос на даноците што се задржуваат на изворот, во врска со износите кои се оданочуваат остварени на или после првиот ден на јануари од календарската година што следи по годината во која известувањето за престанок е примено и последователните календарски години; и

2) по однос на другите даноци во Виетнам, во врска со доход, профит или добивка кои настануваат на или после првиот ден од јануари во календарската година што следи по годината во која известувањето за престанок е дадено.

КАКО ПОТВРДА ЗА ОВА потписниците, полноважно за тоа овластени од страна на Владите, го потпишаа овој договор.

СОСТАВЕН во два оригинални примероци во СКОПЈЕ на 15 октомври 2014 година на виетнамски, македонски и англиски јазик, сите примероци подеднакво веродостојни. Во случај на несогласување во однос на толкувањето на договорот, државите договорнички се повикуваат на англискиот текст.

ЗА ВЛАДАТА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА ВИЕТНАМ

Ле Дук Лу
Амбасадор на Социјалистичка Република Виетнам во Република Македонија

ЗА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ардиан Целадини
Заменик министер за финансии на Република Македонија –

# AGREEMENT

# BETWEEN

# THE GOVERNMENT OF THE SOCIALIST REPUBLIC OF VIETNAM

# AND

# THE GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

# FOR

# THE AVOIDANCE OF DOUBLE TAXATION

# AND

# THE PREVENTION OF FISCAL EVASION

# WITH RESPECT TO TAXES ON INCOME

**THE GOVERNMENT OF THE SOCIALIST REPUBLIC OF VIETNAM**

**AND**

**THE GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA**

DESIRING to conclude an Agreement for the avoidance of double taxation and the prevention of fiscal evasion with respect to taxes on income,

Have agreed as follows:

## Article 1
## PERSONS COVERED

This Agreement shall apply to persons who are residents of one or both of the Contracting States.

## Article 2
## TAXES COVERED

1. This Agreement shall apply to taxes on income and imposed on behalf of a Contracting State or of its local authorities, irrespective of the manner in which they are levied.

2. There shall be regarded as taxes on income all taxes imposed on total income, or on elements of income, including taxes on gains from the alienation of movable or immovable property, taxes on the total amounts of wages or salaries paid by enterprises, as well as taxes on capital appreciation.

3. The existing taxes to which the Agreement shall apply are in particular:

   a) in Vietnam:

      1) the personal income tax; and

      2) the business income tax;

   (hereinafter referred to as "Vietnamese Tax"); and

   b) in Macedonia:

      1) the personal income tax; and

2) the profit tax;

(hereinafter referred to as "Macedonian Tax").

4. The Agreement shall apply also to any identical or substantially similar taxes that are imposed after the date of signature of this Agreement in addition to, or in place of, the existing taxes. The competent authorities of the Contracting States shall notify each other of significant changes that have been made in their taxation laws.

## Article 3
## GENERAL DEFINITIONS

1. For the purposes of this Agreement, unless the context otherwise requires:

a) the terms "a Contracting State" and "the other Contracting State" mean Vietnam or Macedonia, as the context requires;

